OHRIDSKA BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP

Врз основа на член 57 точка 25 од Статутот на Охридска Банка АД Скопје, Надзорниот одбор, на седница одржана на ден 28.02.2018 година, донесе:

**ПИСМЕНО МИСЛЕЊЕ**
по Годишниот извештај за работењето
на Охридска банка АД Скопје за 2017 година

Надзорниот одбор на Охридска АД Скопје го разгледа Годишниот извештај за работењето на Охридска банка АД Скопје за 2017 година на седница одржана на 28.02.2018 година, и го даде следното мислење:

1. Годишниот извештај за работењето на Охридска банка АД Скопје во 2017 година содржи податоци за макроекономските, монетарните и регулаторните услови во кои банката ги остваруваше своите активности, податоците за состојбите, движењата и структурните промени во билансот на состојба, остварениот финансиски резултат, управувањето со ризиците, корпоративното банкарство и банкарството на мало, развојот на производи, промет во земјата и странство, информации за управувањето со човечките ресурси, управување со информатичката техологија, преземените маркентишки активности и останатите банкарски активности кои се во функција на поуспешно работење на Банката.

2. Извештајот дава целосна слика за работењето на Банката и нејзините организациони единици во 2017 година. Податоците во извештајот укажуваат на позитивни трендови кај повеќето банкарски активности и остварување на позитивен финансиски резултат.

3. Во годишниот извештај е вграден извештајот за корпоративното управување изготвен врз основа на Кодексот за корпоративно управување на Банката.

4. Според наше мислење, Годишниот извештај реално и објективно го презентира работењето на Охридска банка АД Скопје во текот на 2017 година.

НО.бр. 0203-15270/4-2
Скопје, 28.02.2018 година

НАДЗОРЕН ОДБОР

Жан-Филип Гијом
Претседател